# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 122** | **3 јуни 2021, четврток** | **година LXXVII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1975. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за библиотеките | **2** |
| 1976. | **Закон** за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор, КОВИД-19 одговор на Северна Македонија – РБСМ наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно капитализирани претпријатија, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје | **3** |
| 1977. | **Закон** за дополнување на Законот за здравствената заштита | **4** |
| 1978. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за комплементарна и алтернативна медицина | **7** |
| 1979. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства | **8** |
| 1980. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба | **12** |
| 1981. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота | **16** |
| 1982. | **Закон** за изменување на Законот за заштита на правата на пациентите | **18** |
| 1983. | **Закон** за изменување на Законот за прекурзори | **20** |
| 1984. | **Закон** за изменување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија | **20** |
| 1985. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште | **24** |
| 1986. | **Закон** за изменување на Законот за селекционерски права | **26** |
| 1987. | **Закон** за изменување на Законот за сточарството | **28** |
| 1988. | **Закон** за лобирање | **31** |
| 1989. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија | **43** |
| 1990. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата | **45** |
| 1991. | **Закон** за изменување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор | **46** |
| 1992. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина | **46** |
| 1993. | **Закон** за изменување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост | **48** |
| 1994. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа | **49** |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1995. | **Закон** за за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити | **53** |
| 1996. | **Закон** за изменување на Законот за кредитно биро | **55** |
| 1997. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за сметководството, за буџетите и буџетските корисници | **55** |
| 1998. | **Закон** за изменување на Законот за експропријација | **58** |
| 1999. | **Закон** за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост | **59** |
| 2000. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за банките | **59** |
| 2001. | **Закон** за изменување на Законот за сметководството за непрофитните организации | **63** |
| 2002. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија | **64** |
| 2003. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за ревизија | **66** |
| 2004. | **Закон** за изменување на Законот за чек | **68** |
| 2005. | **Закон** за изменување на Законот за давање на финансиски услуги на далечина | **69** |
| 2006. | **Закон** за изменување на Законот за пријавување и евиденција на обврски | **70** |
| 2007. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица | **70** |
| | **Огласен дел** | **1-8** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1975.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за библиотеките,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 јуни 2021 година.

Бр. 08-2632/1
1 јуни 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ

Член 1

Во Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија“ број 66/2004, 89/2008, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16), во насловот на главата XII зборот „одредби“ се заменува со зборот „санкции“.

Член 2

Во член 52 во ставот (1) по зборовите: „износ од“ се додаваат зборовите: „250 до“.

Во ставот (2) зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „100 до 250 евра во денарска противвредност“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече опомена согласно со Законот за прекршоците.“.

Член 3

Во член 52-а во ставот (1) по зборовите: „износ од“ се додаваат зборовите: „1.000 до“.

Во ставот (2) зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „250 до 500 евра во денарска противвредност“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече опомена согласно со Законот за прекршоците.“.

Ставот (3) станува став (4).

Член 4

Членовите 52-б и 52-в се менуваат и гласат:

„Член 52-б

За прекршоците од членовите 52 и 52-а од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Член 52-в

За прекршоците од членовите 52 и 52-а од овој закон, инспекторот за култура на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.“.

Член 5

Насловите на членовите 52-г и 52-д и членовите 52-г и 52-д се бришат.

Член 6

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT TË BIBLIOTEKAVE

Neni 1

Në Ligjin e Bibliotekave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 dhe 39/16), në titullin e kapitullit XII, fjala "dispozita" zëvendësohet me fjalën "sanksione".

**2003.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 јуни 2021 година.

Бр. 08-2662/1
1 јуни 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА**

Член 1

Во Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18), во членовите 1 и 2, член 4 точки 2, 3, 6, 7, 8, 9, 11, 12, 13, 14, 15 и 22, насловот на глава II и насловот пред членот 6, членовите 6 и 7, член 8 став (1) точки 4), 5), 6), 7), 8), 9), 11) и 15), ставови (2) и (3), член 9 ставови (2) и (6), член 10 став (1) алинеи 1 и 3, став (3), членовите 12 и 15, член 16 став (2), став (3) точка 3) и ставови (5), (7) и (8), насловот на глава III и насловот пред член 17, член 17 ставови (1) и (5), член 19 став (1) точка 9), членови 22-б и 23, член 24 став (3) точки 1), 4), 5) и 6), ставови (4) и (5) и член 25 став (5) точки 3), 5) и 6) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во членот 42 воведната реченица се менува и гласи „Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за друштво за ревизија микро трговец, од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за друштво за ревизија мал трговец, од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за друштво за ревизија среден трговец и од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност за друштвото за ревизија голем трговец ќе му се изрече за прекршок на правно лице ако:“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на овластениот ревизор-трговец поединец за прекршоците од ставот (1) на овој член.“.

Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

„Покрај глобата од ставот (2) на овој член на овластениот ревизор-трговец поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење до една година.“.

Ставот (3) кој станува став (4) се менува и гласи:

„Покрај глобата од ставот (1) на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење до две години.“.

Ставот (4) кој станува став (5) се менува и гласи:

„Во случај кога прекршокот од ставот (1) на овој член е сторен од користољубие или со прекршокот е предизвикана поголема имотна штета на правното лице ќе му се изрече глоба до двојниот износ од ставот (1) на овој член или во сразмер со висината на причинетата или прибавената имотна корист.“.

По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

„(6) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(7) Покрај глобата од ставот (6) на овој член на одговорното лице кај правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење до една година.“.

Член 3

Членот 43-а се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за друштво за ревизија микро трговец, од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за друштво за ревизија мал трговец, од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за друштво за ревизија среден трговец и од 7.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за друштво за ревизија голем трговец ќе се изрече за прекршок на правно лице кое потпишало неточен или некомплетен извештај, односно извештај што предизвикува заблуда и со тоа предизвикало штета на трети лица.

(2) Покрај глобата од ставот (1) на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење до две години.

(3) Во случај кога прекршокот од ставот (1) на овој член е сторен од користољубие или со прекршокот е предизвикана поголема имотна штета на правното лице ќе му се изрече глоба до двојниот износ од ставот (1) на овој член или во сразмер со висината на причинетата или прибавената имотна корист.

(4) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на овластен ревизор-трговец поединец кое потпишало неточен или некомплетен извештај, односно извештај што предизвикува заблуда и со тоа предизвикало штета на трети лица.

(5) Покрај глобата од ставот (4) на овој член на овластениот ревизор-трговец поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење до една година.

(6) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(7) Покрај глобата од ставот (6) на овој член на одговорното лице кај правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење до една година.“.

Член 4

Во членот 44 зборовите: „1.000 до 1.500“ се заменуваат со бројот „250“.

Член 5

Во членот 44-в став (1) по бројот „8.000“ се додаваат зборовите: „до 10.000“.

Во ставот (2) зборовите: „1.000 до 2.000“ се заменуваат со бројот „500“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Покрај глобата од ставот (2) на овој член на претседателот на Институтот ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење до една година.“.

Член 6

Членот 44-г се менува и гласи:

„(1) За сторениот прекршок од членот 44-в од овој закон, овластеното лице од страна на претседателот на Советот (во натамошниот текст: овластено службено лице), при констатирање на прекршокот е должно пред да го поднесе барањето за поведување на прекршочна постапка да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Овластените службени лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(3) Личните податоци од евиденцијата од ставот (2) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(4) Советот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.“.

Член 7

Во членот 44-ѓ зборовите: „за правно лице односно трговец поединец“ се бришат.

Член 8

Во членот 45 зборовите: „во членовите 42, 43-а, 44 и 44-е од“ се заменуваат со зборот „со“.

Член 9

Подзаконскиот акт предвиден во овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

Започнатите прекршочни постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18).

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT TË REVIZIONIT

Neni 1

Në Ligjin e Revizionit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër: 158 / 10,135 / 11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 dhe 83/18), në nenet 1 dhe 2, nenin 4 pikat 2, 3, 6, 7, 8, 9, 11, 12, 13, 14, 15 dhe 22, titulli i Kapitullit II dhe titulli para nenit 6, nenet 6 dhe 7, nenin 8 paragrafi (1) pikat 4), 5), 6), 7), 8), 9), 11) dhe 15), paragrafët (2) dhe (3), nenin 9 paragrafët (2) dhe (6), nenin 10 paragrafi (1) nënparagrafi 1 dhe 3, paragrafi (3), nenet 12 dhe 15, nenin 16 paragrafi (2), paragrafi (3) pika 3) dhe paragrafët (5), (7) dhe (8), titulli i kapitullit III dhe titulli para nenit 17, neni 17 paragrafët (1) dhe (5), nenin 19 paragrafi (1) pika 9), nenet 22-b dhe 23, nenin 24 paragrafi (3) pikat 1), 4), 5) dhe 6), paragrafët (4) dhe (5) dhe nenin 25 paragrafi (3) pikat 3), 5) dhe 6), fjalët: “Republika e Maqedonisë”, zëvendësohet me fjalët: “Republika e Maqedonisë së Veriut”.

Neni 2

Në nenin 42, fjalia hyrëse ndryshohet si më poshtë: "Gjobë në shumë prej 500 deri 1.000 euro në kundërvlerë denari për shoqërinë për revizion tregtar mikro, prej 1.000 deri 2.000 euro në kundërvlerë denari për shoqërinë për revizion tregtar i vogël, prej 2.000 deri 4.000 euro në kundërvlerë denari për shoqërinë për revizion tregtar i mesëm dhe prej 5.000 dhe 7.000 euro në kundërvlerë denari për shoqërinë për revizion tregtar i madh do t’i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik nëse: ".

Pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2) si më poshtë:

"(2) Gjobë në shumë prej 100 deri 250 euro në kundërvlerë denari do t'i shqiptohet për kundërvajtje revizorit të autorizuar -tregtar individ për kundërvajtjet e paragrafit (1) të këtij neni.".

Paragrafi (2) i cili bëhet paragraf (3) ndryshohet si më poshtë:

"Përveç gjobës së paragrafit (2) të këtij neni revizorit-tregtar individ do t'i shqiptohet edhe sanksion kundërvajtës ndalim i kryerjes së veprimtarisë në kohëzgjatje prej deri një vit.".

Paragrafi (3) i cili bëhet paragraf (4) ndryshon si më poshtë:

"Përveç gjobës së paragrafit (1) të këtij neni personit juridik do t'i shqiptohet edhe sanksion kundërvajtës ndalim i kryerjes së veprimtarisë në kohëzgjatje prej deri dy vite.".

Paragrafi (4) i cili bëhet paragraf (5) ndryshohet si më poshtë:

"Në rast se kundërvajtja e paragrafit (1) të këtij neni është kryer nga lakmia ose kundërvajtja ka shkaktuar dëm të madh pronësor, personit juridik do t'i shqiptohet gjobë deri në dyfishin e shumës së paragrafit (1) të këtij neni ose në përpjesëtim me lartësinë e përfitimit pronësor të shkaktuar ose të marrë.".

Pas paragrafit (5) shtohen dy paragrafë të rinj (6) dhe (7) si më poshtë:

"(6) Gjobë në shumë prej 250 deri 500 euro në kundërvlerë denari do t'i shqiptohet përgjegjësit te personi juridik për kundërvajtjet e paragrafit (1) të këtij neni.

"Krahas gjobës së paragrafit (6) të këtij neni përgjegjësit te personi juridik do t’i shqiptohet sanksion kundërvajtës ndalim i ushtrimit të detyrës në kohëzgjatje prej deri një vit.".

Neni 3

Paragrafi 43-a ndryshohet si më poshtë:

"(1)Gjobë në shumë prej 500 deri 1.000 euro në kundërvlerë denari për shoqërinë për revizion tregtar mikro, nga 1.000 deri 2.000 euro në kundërvlerë denari për shoqërinë për revizion tregtar i vogël, nga 3.000 deri 6.000 euro në kundërvlerë denari për shoqërinë për revizion tregtar i mesëm dhe nga 7.000 deri 10.000 euro në kundërvlerë denari për shoqërinë për revizion tregtar i madh do t’i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik i cili ka nënshkruar raport të pasaktë ose të paplotë që shfaq huti, duke u shkaktuar dëm personave të tretë.

(2) Krahas gjobës së paragrafit (1) të këtij neni personit juridik do t’i shqiptohet edhe sanksion kundërvajtës ndalim i ushtrimit të veprimtarisë në kohëzgjatje prej deri dy vite.

(3)Në rast se kundërvajtja e paragrafit (1) të këtij neni është kryer nga lakmia ose kundërvajtja ka shkaktuar dëm të madh pronësor, personit juridik do t'i shqiptohet gjobë deri në dyfishin e shumës së paragrafit (1) të këtij neni ose në përpjesëtim me lartësinë e përfitimit pronësor të shkaktuar ose të marrë.

(4) Gjobë në shumë prej 100 deri 250 euro në kundërvlerë denari do t’i shqiptohet për kundërvajtje revizorit të autorizuar-tregtar individ i cili ka nënshkruar raport të pasaktë ose të paplotë, përkatësisht raport që shfaq huti duke u shkaktuar dëm personave të tretë.

(5)Krahas gjobës së paragrafit (4) të këtij neni revizorit të autorizuar-tregtar individ do t'i shqiptohet edhe sanksion kundërvajtës ndalim i kryerjes së veprimtarisë në kohëzgjatje prej deri një vit.

(6) Gjobë në shumë prej 250 deri 500 euro në kundërvlerë denari do t'i shqiptohet përgjegjësit te personi juridik për kundërvajtjet e paragrafit (1) të këtij neni.

(7) Krahas gjobës së paragrafit (6) të këtij neni, përgjegjësit te personi juridik do t’i shqiptohet sanksion kundërvajtës ndalim i ushtrimit të detyrës në kohëzgjatje prej deri një vit.".

Neni 4

Në nenin 44, fjalët “1.000 deri 1.500” zëvendësohen me numrin 250”.